**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ПИЈАНО И МЕТОДИКА НА НАСТАВА ПО ПИЈАНО НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1402-92/3 од 12.10.2016 година донесена на 11. седница на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија, одржана на 12.10.2016 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научните области *пијано* и *методика на настава по пијано* на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниот состав:

– **м-р Тодор Светиев**, редовен професор од наставно-научните области пијано и методика на настава по пијано на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - **претседател**;
– **м-р Катерина Гелебешева-Костадиновска,** редовен професор од наставно-научната област пијано на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - **член**;
– **проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска,** редовен професор од наставно-научната област музикологија на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип - **член**.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 23.9.2016 година и во предвидениот рок се пријави кандидатката д-р Милица Шкариќ, редовен професор по Пијано и Методика на настава по пијано на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, констатираме дека се доставени сите потребни документи согласно со објавениот Конкурс и чест ни е на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **проф. д-р Милица Шкариќ** завршува основно и средно музичко образование во класата по пијано на Валентина Нолчева во ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј“ со одличен успех. Дипломира пијано во Париз на Факултетот за музичка уметност (Ecole Normale de Musique de Paris) во класата по пијано на Нелсон дел Вињ со високи оценки (дипломата е нострифицирана и е дополнета со еквиваленции на оценките). На истата институција се здобива и со диплома по камерна музика. Две години изучува корепетиција во класата на Сесил Хугонар-Рош, професор на Националниот конзерваториум во Париз. До 2000 година се усовршува како солист во класата на интернационално реномираниот пијанист Евгениј Королиов на Факултетот за музичка уметност во Хамбург, Германија, каде што се здобива со диплома за изведувачи со висока оценка (шестгодишни студии). На 6.12.2000 година магистрира методика на настава по пијано под менторство на проф. Лепша Пиперковска на Факултетот за музичка уметност во Скопје (со просек 10,00) на тема „Интерпретациски проблеми на избрани дела од Ј. С. Бах во основното образование по пијано во Македонија“. На истата институција докторира во април 2007 година на тема „Влијание на импровизацијата врз слушната и нотната анализа во почетната настава по пијано за деца“ под менторство на проф. м-р Тодор Светиев и проф. д-р Зоран Стојановски. Во текот на 2004-2005 год., таа остварува студиски престој како гостин професор на Факултетот за музичка уметност во Ен Арбор, Мичиген, САД.

Носител е на три први републички награди по пијано, на прва специјална награда со максимален број поени на Сојузниот натпревар на поранешна Југославија, четврта награда на Меѓународниот натпревар во Сенигалија, Италија, прва награда на Меѓународниот натпревар во Саребург, Франција и награда за корепетиција на натпреварот „Елизе Мајер“, Хамбург, Германија.

Учествува на семинари за пијано кај познатите педагози Арбо Валдма, Икуко Ендо, Јокут Михајловиќ, Сиавуш Гаџиев, Ралф Наткемпер, Акилес Дел Вињ и др. Носител е на странски стипенди од фондациите Албер Русел (Albert Roussel), Џилда Сантарели (Gilda Santarelli), Ото Штотерау (Otto Stoterau Stiftung), Сорош, ДААД (DAAD) и американска програма за развој на млад наставнички кадар (JFDP).

Настапува како солист и камерен партнер во Франција, Германија, Италија, САД, Србија, Бугарија, Македонија и др. Повеќе нејзини целовечерни концерти се снимени во живо од Македонската радио телевизија. Нејзини изведби на дела од македонски современи композитори се издадени на неколку ЦД-изданија од СОКОМ. Во 2009 година Шкариќ заедно со обоистот Владимир Лазаревски издаде ЦД со дела од современи балкански автори. Во 2012 година Шкариќ заедно со тенорот Михајло Арсенски издадоа ЦД со ремек-дела за тенор и пијано од Шуман, Форе, Дебиси, Зографски, Скаловски и Прокопиев. Нејзините настапи се високо оценети од музичките критичари.

Во 2002 година Шкариќ е избрана за доцент по предметот Музички инструмент-пијано на Педагошкиот факултет при УКИМ во Штип. Во 2007 таа е бирана за вонреден професор на новоотворениот Универзитет „Гоце Делчев“ по предметот Музички инструмент – пијано на Педагошкиот факултет и предметите Пијано, Методика на настава по пијано и Камерна музика на Факултетот за музичка уметност во Штип. Од 2012 година Шкариќ е избрана за редовен професор по предметите Пијано и Методика на наставата по пијано на Музичката академија во Штип. Автор е на учебник по пијано за возрасни почетници „Пијано, детски и други музички инструменти“ (објавен како е-учебник на УГД во 2014 г.), книгата „Интерпретациски проблеми на избрани дела за клавишни инструменти од Ј. С. Бах“, учебник по предметот Историја на пијанизам 1 и има објавено повеќе трудови. Шкариќ досега има одржано 12 музички работилници и еден меѓународен пијано мастерклас во Белгија. Има одржано три предавања на фестивалот ЕПТА во Скопје. Од мај 2016 година, Шкариќ е почесен член на Фондацијата „Зографски“.

Од 2009 до 2014 година е составен член на стручните тимови за изработка на наставни програми по пијано за деветгодишното основно музичко образование (II-IX одделение) за државните музички училишта во Р. Македонија.

Шкариќ течно зборува и пишува на француски, германски и англиски јазик.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за повторен избор во звање редовен професор од областа на музичката уметност за стручно-уметничките предмети***

1. Редовен професор од научната област во која се избира со диплома за завршено соодветно високо образование од втор степен музички науки или музички уметности;

Кандидатката проф. д-р Милица Шкариќ е избрана за првпат во звањето редовен професор по наставно-научната област пијано и методика на настава по пијано на Музичката академија при УГД во април 2012 година од страна на Сенатот на УГД - Штип. На Конкурсов таа има приложено диплома со звањето дипломиран пијанист степен VII/1, која е стекната на институцијата Ecole Normale de Musique de Paris, Франција и е нострифицирана во Р. Македонија и дополнета со еквиваленција на оценки. Шкариќ има доставено и диплома за магистер по методика по пијано со просек 10,00, како и диплома за доктор на музички науки стекнати на УКИМ во Скопје.

2. Изведба на осум целовечерни концерти (во земјава или во странство);

Кандидатката проф. д-р Милица Шкариќ има приложено концертни програми за изведба на 15 целовечерни концерти, од кои 14 во земјава и еден во Њујорк, САД. Концертите се реализирани во периодот од мај 2012 до мај 2016 година и сите се наведени во поглавјето за научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности со линкови од репозиториумот на УГД;

3. Има придонес во оспособувањето на соработници и помлади наставници;

Дипломираните пијанисти и постдипломци од класата по пијано на проф. д-р Милица Шкариќ веќе работат како наставници по пијано во музичките училишта. Нејзиниот асистент по пијано во периодот од 2007 до 2009 година, м-р Ангеле Михајловски, во меѓувреме стана вонреден професор на Музичката академија во Штип.

4. Под нејзино менторство се изработени дипломски или магистерски трудови;

Проф. д-р Шкариќ била ментор на двајца дипломирани пијанисти во нејзината класа: Бисера Иванова и Петре Штерјов, кои дипломирале пијано со оценка 10. Во моментот таа е ментор на студентот Петар Трбојевиќ. На постдипломските студии по пијано Шкариќ е ментор на Ива Виденовиќ и Бисера Иванова.

5. Покажува способност во изведувањето на сите видови високообразовна дејност;

Проф. д-р Милица Шкариќ успешно изведува настава на додипломските студии по пијано на Вокално-инструменталниот оддел по предметите Пијано, Методика на настава по пијано 1, Историја на пијанизам 1 и Корепетиција со читање прима виста. На постдипломските студии по пијано таа изведува настава по предметите Пијано, Методика на настава по пијано и Историја и теорија на пијанизмот. Шкариќ е редовен член на тимот кој ги креира наставните програми по пијано на Музичката академија во Штип.

6. Има издаден универзитетски учебник или стручна книга или монографија или ЦД или ДВД;

Проф. д-р Милица Шкариќ го има издадено е-учебникот „Пијано, детски и други музички инструменти" објавен на страна на УГД https://e-lib.ugd.edu.mk/pdf/pdf_ss9s/6d696c6963612e736b6172696bil.pdf во 2014 година, стручната книга „Интерпретациски проблеми на избрани дела од Ј. С. Бах" и ЦД изданието со ремек-дела за тенор и пијано на кое настапува заедно со Михајло Арсенски, достапни во целост на репозиториумот на УГД.

7. Има преодна просечна оценка од официјалните анкети на студентите реализирани на соодветните единици на Универзитетот;
8. Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=40, (НИ)=45, (САОР)= 15 или вкупно 100 поени.

***Наставно-образовна дејност***

Во април 2012 година проф. д-р Милица Шкариќ по прв пат е избрана за редовен професор по предметите Пијано и Методика на настава по пијано на Музичката академија при УГД-Штип. Претходно е бирана како доцент во 2002 година на Педагошкиот факултет при УКИМ во Штип и во 2007 како вонреден професор на Педагошкиот факултет и Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Од изборот во 2012 година до денес на Музичката академија таа ги предава предметите: Пијано на Вокално-инструменталниот оддел (Катедра за пијано) и на Одделот за музичка теорија и педагогија, Методика на настава по пијано 1 и Историја на пијанизам 1 на Вокално-инструменталниот оддел (Катедра за пијано). Досега во нејзината класа по пијано дипломирале студентите Бисера Иванова и Петре Штерјов со највисока оценка 10 (десет).

За додипломските студии по пијано, Шкариќ е автор на учебникот „Пијано, детски и други музички инструменти" објавен како е-учебник во 2014 година на сајтот на УГД, кој се употребува како составна литература по предметот Методика на настава по пијано 1, заедно со интерна скрипта со предавања по овој предмет. Шкариќ е автор и на учебник по предметот Историја на пијанизам 1.

На постдипломските студии на Катедрата по пијано Шкариќ ги предава предметите Пијано, Методика на настава по пијано и Историја и теорија на пијанизмот. Во моментов таа е ментор на двајца постдипломци по пијано.

Во периодот од 2014 до 2016 година, студентите од класата по пијано на проф. д-р Милица Шкариќ одржаа 12 целовечерни групни и солистички концерти наведени подолу:

1. 12 февруари 2014 година, Штип, концертна сала на Музичка академија: Концерт со студентите А. Грујовски, П. Штерјов, Г. Лазаревски, И. Виденовиќ и Б. Иванова од пијано класата на проф. д-р М. Шкариќ со дела од Бах, Хендел, Бетовен, Шопен и Лист;
   (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/12394/)
2. 3 јуни 2014 година, Скопје, голема сала на МОБ: Концерт на Македонската филхармонија и студентите од државните факултети за музичка уметност – солистички настап на Петре Штерјов од класата на проф. д-р М. Шкариќ со првиот став од Концертот бр. 2 за пијано и оркестар од Л. Ван Бетовен;

(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/12063/)

3. 24 октомври 2014 година, Скопје, концертна сала на ФМУ, Фестивал „Златна лира“: Младите уметници во чест на Зографски – солистички настап на Бисера Иванова од класата на проф. д-р М. Шкариќ;
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/12400/)
4. 26 февруари 2015 година, Штип, концертна сала на Музичка академија: Концерт со студентите Г. Маноилова, А. Грујовски и П. Штерјов од пијано класата на проф. д-р М. Шкариќ со дела од Бах, Чимароза и Хајдн;
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/13935/)
5. 22 јуни 2015 година, Штип, Уметничка галерија „Безистен“: Концерт на студентите од катедрата по пијано при УГД Штип;
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/13939/)
6. 18 јули 2015 година, Велес, сала „Бели мугри“: Рецитал на Петре Штерјов, студент во класата по пијано на проф. д-р Милица Шкариќ со дела од Чимароза, Хендел, Хајдн, Лист и Зографски;
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/13937/)
7. 23 декември 2015 година, Штип, концертна сала на Музичка академија: Новогодишен концертен хепенинг со студенти од катедрата по пијано при УГД Штип;
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/15081/)
8. 30 март 2016 година, Штип, концертна сала на Музичка академија: Рецитал на Тања Трбојевиќ студент во класата на проф. д-р М. Шкариќ со дела од Бах, Хајдн, Шуберт и Шопен;
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/16523/)
9. 8 април 2016 година, Музичка академија Жамблу, Белгија: Завршен концерт со учесниците на семинарот по пијано од проф. д-р М. Шкариќ со дела од Бетовен, Бах, Шопен, Прокофјев, Моцарт, Дебиси и Зографски;
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/16525/)
10. 3 мај 2016 година, Скопје, Даут Пашин амам, фестивал Модоарс: Музиката на Зографски видена низ детските цртежи на Олга Ѓоргиева, изведен од Бисера Иванова и Петре Штерјов, студенти во класата на проф. д-р М. Шкариќ;
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/16524/)
11. 9 мај 2016 година, Штип, концертна сала на Музичка академија: Концерт во чест на композиторот Томислав Зографски со студенти од класата на проф. д-р М. Шкариќ;
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/16522/)
12. 30 август година, Штип, концертна сала на Музичка академија: Рецитал на Петре Штерјов, дипломиран пијанист во класата на проф. д-р М. Шкариќ.

Од концертите посебно се издвојуваат настапот на студентот Петре Штерјов како солист со Македонската филхармонија, неговите два самостојни солистички рецитали во Велес и во Штип, настапот на фестивалот „Златна лира“ на студентката Бисера Иванова, настапот на Штерјов и Иванова на фестивалот Модоарс, завршниот концерт на пијанистите на мастеркласот во Белгија под раководство на М. Шкариќ и концертот посветен на Томислав Зографски во Штип.

Во јуни 2014 наставно-образовната дејност на Шкариќ беше крунисана со две награди на нејзини студенти: Бисера Иванова доби прва награда, а Петре Штерјов прва и Гран-при награда на Меѓународниот натпревар на фестивалот „Дојрана“.

***Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности***

Од 11 мај 2012 година до 22 мај 2016 година, проф. д-р Милица Шкариќ изведува 15 целовечерни камерни концерти во признати сали, од кои 14 во земјава и еден во Њујорк, САД. Неколку од овие концерти се позитивно рецензирани од музичките критичари. Концертите се наведени подолу (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под реден број 6 за вкупен број поени од овие концерти):

1. 11 мај 2012 година, Штип – Уметничка галерија „Безистен“: Целовечерен рецитал

со Бранко Павловски – кларинет и Милица Шкариќ – пијано со дела од Перминов, Вебер, Месаже, Пуленк и МекАлистер;
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/3177/)

2. 2 ноември 2012 година, Кавадарци – Дом на култура „Иван Мазов Климе“: Целовечерен рецитал со Михајло Арсенски – тенор и Милица Шкариќ– пијано со дела од Росини, Шуман и Форе;
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/3176/)
3. 5 јуни 2013 година, Штип – Уметничка галерија „Безистен“: Целовечерен рецитал со Гонца Богоромова – сопран, Паскал Краповски – виолончело и Милица Шкариќ – пијано со дела од Моцарт, Белини, Абасов, Гранадос, Форе, Попер, Доницети и Бернштајн (Концерт позитивно рецензиран од Ивана Ѓурѓевиќ Јанков во весникот „Нова Македонија“);
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/8350/)
4. 5 ноември 2013 година, Скопје – Музеј на Град Скопје, Есенски музички свечености: Целовечерен рецитал со Михајло Арсенски – тенор и Милица Шкариќ – пијано со дела од Шуман, Дебиси, Форе, Скаловски, Зографски и Прокопиев (Концерт сниман во живо од Македонското радио и позитивно рецензиран од музичкиот критичар Васка Наумова-Томовска на МРТВ и cem.mk);
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/8192/)
5. 24 април 2014 година, Скопје – Католичка црква, концерт во организација на Германска, Австриска и Хрватска амбасада: Целовечерен рецитал со Иво Мајер – контратенор, Гонца Богоромова – сопран и Милица Шкариќ – пијано со дела од Џордани, Перголези, Хендел, Качини, Росини, Форе, Доницети, Монтеверди и Бах Гуно;
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/9902/)
6. 25 април 2014 година, Штип – Концертна сала на ФМУ: Целовечерен концерт со Иво Мајер – контратенор и Милица Шкариќ – пијано со дела од Џордани, Перголези, Хендел, Качини и Доницети;
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/11813/)
7. 9 декември 2014 година, Скопје – Музеј на Град Скопје: Целовечерен рецитал со Гонца Богоромова – сопран, Паскал Краповски – виолончело и Милица Шкариќ – пијано со дела од Шуберт, Превин, Темков и Бернштајн (позитивно рецензиран од музичкиот критичар Тина Иванова на cem.mk);
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/12000/)
8. 22 мај 2015 година, Велес – Сала „Бели мугри“: Целовечерен концерт со Благица Поп Томова и Милица Шкариќ со дела од Чајковски, Рахмањинов, Прокопиев, Зографски и Гавриловски;
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/13934/)
9. 11 јуни 2015 година, Скопје – Фоаје на МОБ: Целовечерен концерт со Благица Поп Томова и Милица Шкариќ со дела од Чајковски, Рахмањинов, Прокопиев, Зографски, Гавриловски, Белини, Пучини, Каталани и Гуно;
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/13931/)
10. 12 јуни 2015 година, Штип – Уметничка галерија „Безистен“: Целовечерен концерт со Благица Поп Томова и Милица Шкариќ со дела од Чајковски, Рахмањинов, Прокопиев, Зографски, Гавриловски, Белини, Пучини, Каталани и Гуно;
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/13932/)
11. 8 март 2016 година, Струмица – НУЦК „Антон Панов“: Целовечерен рецитал со Гонца Богоромова – сопран, Паскал Краповски – виолончело и Милица Шкариќ – пијано со дела од Моцарт, Шуберт, Глезер, Берлиоз, Франк, Дајс и Михајловски;
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/16170/)
12. 9 март 2016 година, Тетово – ОМУ „Тодор Скаловски- Тетоец“: Целовечерен рецитал со Гонца Богоромова – сопран, Паскал Краповски – виолончело и Милица Шкариќ – пијано со дела од Моцарт, Шуберт, Глезер, Берлиоз, Франк, Дајс и Михајловски;
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/16170/)

13. 21 март 2016 година, Скопје – Фоаје на МОБ: Целовечерен рецитал со Гонца Богоромова – сопран, Паскал Краповски – виолончело и Милица Шкариќ – пијано со дела од Моцарт, Шуберт, Глезер, Берлиоз, Франк, Дајс и Михајловски (позитивно рецензиран од музичките критичари Марко Коловски, Ангелина Димовска и Бранка Костиќ-Марковиќ во „Нова Македонија", zurnal.mk и на cem.mk);
(линк од репозиториум: http://eprints.ugd.edu.mk/16521/)
14. 22 март 2016 година, Штип – Концертна сала на Музичка академија: Целовечерен рецитал со Гонца Богоромова – сопран, Паскал Краповски – виолончело и Милица Шкариќ – пијано со дела од Моцарт, Шуберт, Глезер, Берлиоз, Франк, Дајс и Михајловски;
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/16170/)
15. 22 мај 2016 година, Њујорк, САД – MC Gallery & Grace notes concert series Belfort: Целовечерен концерт со Благица Поп Томова - сопран и Милица Шкариќ - пијано со дела од Чајковски, Рахмањинов, Прокопиев, Зографски, Гаврило вски, Белини, Пучини, Каталани и Гуно.
(линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/16171/)

***Музичките критичари за некои од овие концерти го напишаа следново:***

Васка Наумова-Томовска, рецензија од МРТВ објавена на cem.mk со наслов *Убава вокална вечер* по повод концертот на Арсенски и Шкариќ од 5.11.2013 година, одржан во Скопје на Есенски музички свечености: „Внимателно со адекватен интензитет на звукот, со емоционално следење на изведбата на Арсенски свиреше како пијано соработник Милица Шкариќ. Таа е култивиран пијанист со изразит талент за проникнување во емотивниот свет на вокалот на Арсенски и неговите изведувачки вибрации. Па така ова дуо звучеше искрено, извонредно професионално подготвено за впечатлива интерпретација која и се допадна на публиката која патем беше во интересен состав, и млада и онаа искусна која препознава уметнички квалитет".

Тина Иванова, рецензија објавена на cem.mk со наслов *Прекрасна музика за глас, виолончело и пијано* по повод концертот на триото Богоромова-Краповски-Шкариќ од 9.12.2014 година одржан во Музеј на Град Скопје во организација на СМУМ: „Тројца македонски музички уметници, во вторникот вечерта во преполниот Музеј на Град Скопје, приредија прекрасен и несекојдневен концерт. Сопранот Гонца Богоромова, виолончелистот Паскал Краповски и пијанистката Милица Шкариќ ја воодушевија публиката со своите изведувачки способности, со својата музикалност и софистицираност, со нова, свежа програмска концепција, односно вкусно одбрана програма со ретко изведувани дела на македонската сцена. Концертот на тројцата уметници насловен 'Музика за глас, виолончело и пијано', донесе навистина интересен и креативен музички колаж, нов уметнички сензибилитет и поинаков пристап кон материјата којашто ја претставија. Затоа и долгите аплаузи и овации на крајот беа очекувани".

Бранка Костиќ-Марковиќ, рецензија објавена на cem.mk и zurnal.mk со наслов *Совршен крај на еден совршен ден* по повод концертот на триото Богоромова-Краповски-Шкариќ, одржан на 21.3.2016 година во Фоајето на МОБ - Скопје (СМУМ): „Концертот кој се одржа во понеделникот во преполното фоаје на Македонската опера и балет, а во организација на Сојузот на музичките уметници на Македонија, според својата успешност слободно може да го носи и заглавието од овој музички осврт. Оваа концертна вечер, токму на залезот на првиот пролетен ден и на крајот на празникот на поезијата (што, по сè изгледа беше случајно совпаѓање), бевме сведоци на ретко музичко-поетско чествување... Триото составено од врвните македонски инструменталисти, воедно и музички педагози, Гонца Богоромова-Краповски – сопран, Паскал Краповски – виолончело и Милица Шкариќ – пијано, ни приреди раритетно музичко доживување. Велиме раритетно, не само заради врвната изведба и специфичноста на камерниот состав, туку и заради длабоко обмислениот избор на отсвирената концертна програма".

Марко Коловски, рецензија објавена на cem.mk со наслов *Вдахновено и силно* по повод концертот на триото Богоромова-Краповски-Шкариќ, одржан на 21.3.2016 година во Фоајето на МОБ - Скопје (СМУМ): „Милица Шкариќ беше вистински придружник во ова возбудливо патување низ емотивниот свет на делата од великаните на музичката историја... И кога сето тоа ќе се искомбинира со нејзината веќе позната култивираност во изведбата, со нејзината педантност, со нејзиното чувство за фраза кое во исто време ги следи суптилните фразирања на вокалот и им дава дополнителна енергија и сигурност, тогаш заклучокот може да е само еден и единствен: таа беше рамноправен учесник во градењето на музичкиот свет што ја подигна многубројната публика на нозе за да им одаде признание на тројцата изведувачи за прекрасната музичка вечер".

Ангелина Димоска, рецензија објавена во весникот „Нова Македонија" и на cem.mk со наслов *Совршено камерно музицирање* по повод концертот на триото Богоромова-Краповски-Шкариќ, одржан на 21.3.2016 година во Фоајето на МОБ - Скопје (СМУМ): „Исклучително важните аспекти од камерното музицирање кои подразбираат 'дишење во еден здив' и изведувачка усогласеност изделкана до совршеност беа составен дел од моќните перформанси на тројцата музичари кои се составен дел од ова трио...Концертот насловен „Музика за глас, виолончело и пијано" донесе вистинско освежување на нашата камерна концертна сцена. Концертот беше искрен, одлично сработен, со многу емоција и жар. Деликатниот состав не ги спречи музичарите на ова трио да направат одличен избор на дела кои ја потенцираа нивната изведувачка флексибилност и прецизност".

Во ноември 2012 година во соработка со Младинскиот културен центар, Шкариќ издаде ЦД со тенорот Михајло Арсенски насловено *Lieder - Mélodies - Песни*. На овој носач на звук Арсенски и Шкариќ изведоа ремек-дела од светската литература за тенор и пијано од Шуман, Дебиси, Форе, Зографски, Скаловски и Прокопиев. ЦД изданието беше целосно поддржано од Министерството за култура. Изданието е достапно на линкот од репозиториумот на УГД: http://eprints.ugd.edu.mk/4038/ (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности за поени за ова ЦД).

Музичкиот критичар Васка Наумова-Томовска за ЦД изданието напиша: „Во префинетите вокални манири на Арсенски, чудесно звучи пијаното на Милица Шкариќ. Тоа пее, романтично и елегично, страствено и доминантно, со сугестивна доза која упатува на пијанист кој знае да создава извонредна синхронизираност со солистот, следејќи ги неговите уметнички перформанси со интерпретативна интелигенција, притоа не губејќи го својот индивидуалитет. Шкариќ сето ова го постигнува благодарение на својата креативна личност, која авторитетно е присутна во текот на заедничкиот настап".

***Стручно-апликативна и организационо-развојна дејност***

Во 2012 година проф. д-р Милица Шкариќ издаде еден стручен труд:

- Шкариќ, М. (2012). Досегашни сознанија за мерењето на музичките искуства. *Музика (17)*. ISSN 1409-5578;
  (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/2369/)

Во трудот „Досегашни сознанија за мерењето на музичките искуства" се изложени сознанијата за мерењето на музичките искуства од релевантни странски автори на 20 век. Дефинирано е што е музичко искуство, а што музичко однесување и како тие можат да се мерат преку различни начини на музички тестирања. Во трудот исцрпно се изложени неколку општи правила за составување музички тестови (види табела Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност под реден број 5 за поени за овој труд).

Во 2013 година проф. д-р Милица Шкариќ издаде една стручна книга:

- Шкариќ, М. (2013). *Интерпретациски проблеми на избрани дела за клавишни инструменти од Ј. С. Бах*. Скопје: МИЦ. ISBN 978-608-65218-5-1.
  (линк од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/11822/)

Во книгата „Интерпретациски проблеми на избрани дела за клавишни инструменти од Ј. С. Бах" Шкариќ ги опфаќа основните проблеми на интерпретација кои се појавуваат при изведба на клавирските дела од Ј. С. Бах од нивниот оригинален текст (герм. Urtext). Во книгата детално се разгледани артикулацијата, орнаментиката, динамиката, темпото, прсторедот и работата врз полифонија во Баховата клавирска музика. Посебен осврт е даден на „Клавирските тетратки за Ана Магдалена и Вилхелм Фридеман Бах", малите прелудиуми, двогласните инвенции и тригласните синфонии. Книгата е создадена врз база на повеќегодишните престои на Шкариќ во Германија, Франција и САД. Книгата е посветена на Евгениј Королиов, еден од најдобрите современи изведувачи на клавирската музика на Бах, кај кого Шкариќ го учеше мајсторството на Баховата изведба. Книгата е издадена со финансиска помош од Министерството за култура на Македонија (види табела Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност под реден број 1 за поени за оваа книга).

Од 27 април 2011 година до 26 април 2015 година, Шкариќ е член на Универзитетскиот сенат при УГД – Штип, како претставник сенатор на Музичката академија (види табела Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност под реден број 27 за поени).

Проф. д-р Шкариќ е редовен член на комисиите за приемни испити и завршни испити по предметот Пијано на Вокално-инструменталниот оддел и Одделот за музичка теорија и педагогија на Музичката академија при УГД – Штип (види табела Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност под реден број 28 за поени). Таа е дел и од тимот кој ги изработува студиските програми по пијано на Вокално-инструменталниот оддел на Музичката академија во Штип.

Проф. д-р Милица Шкариќ во 2012, 2013 и 2015 година одржа 12 музички работилници во основните државни музички училишта во Штип, Кочани, Тетово, Велес, Битола и Скопје на три разни теми: „Изведба на избрани клавирски дела од Ј. С. Бах", „Модели на импровизација за почетната настава по пијано во Р. Македонија" и „Почетна настава по пијано за деца од предучилишна возраст – споредба на почетни методи од Јапонија, Германија, САД и Франција" (види линкови од репозиториум http://eprints.ugd.edu.mk/3180/, http://eprints.ugd.edu.mk/8354/ и http://eprints.ugd.edu.mk/14702/).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Универзитетски гласник бр. 31 од 16 мај 2014 година), како и по деталното разгледување на комплетната доставена документација наведена во Конкурсот, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката проф. д-р Милица Шкариќ ги има остварено потребните поени кои се однесуваат на наставно-образовната дејност, научноистражувачката дејност и стручно-уметничките активности, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност или вкупно 115 поени (НО+НИ+САОР=40+54+21) од неопходниот минимум од 100 поени.

Преку анализата и оценката на сите наведени постигнувања во периодот од мај 2012 година до денес може да се констатира дека проф. д-р Милица Шкариќ остварува континуиран развој и постигнува значајни резултати во нејзините наставни области.

Од претходно наведеното, чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија да го усвои нашиот предлог и Предлог-одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за **кандидатката проф. д-р Милица Шкариќ да ја избере повторно во наставно-научно звање редовен професор за наставно-научните области пијано и методика на настава по пијано.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**М-р Тодор Светиев, редовен професор, претседател, с.р.**
**М-р Катерина Гелебешева-Костадиновска, редовен професор, член, с.р.**
**Д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска, редовен професор, член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | Број | поени | Вкупно |
| 5. | Прв избор во звање редовен професор на Музичка академија УГД - Штип (од април 2012 г. до овој реизбор) | 40 | | | | 40 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40 поени** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **Број** | **поени** | Вкупно |
| **6.** | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба (15 целовечерни концерти во признати сали од кои 14 во земјава и еден во Њујорк, САД) | 14x3 | 42 | 1X6 | 6 | 48 |
| | ЦД *Lieder - Mélodies – Песни* (2012) | 1X6 | 6 | | | 6 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **54 поени** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **Број** | **поени** | Вкупно |
| | Книга (Шкариќ, М. (2013). *Интерпретациски проблеми на избрани дела за клавишни инструменти од Ј. С. Бах*. Скопје: МИЦ. ISBN 978-608-65218-5-1 | 1X10 | 10 | | | 10 |
| **5.** | Труд во стручно (научно-популарно) списание (Шкариќ, М. (2012). Досегашни сознанија за мерењето на музичките искуства. *Музика (17)*. ISSN 1409-5578) | 1X2 | 2 | | | 2 |
| **27.** | Член на универзитетски или владини тела (член на Универзитетски сенат на УГД - Штип од 27.04.2011 до 26.4.2015 година) | 1x5 | 5 | | | 5 |
| **28.** | Член на факултетски орган, комисија (член на комисија за приемни испити и завршни испити по предметот пијано) | 2x2 | 4 | | | 4 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **21 поен** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **115 поени** |